УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК



ГОДИНА 3 БРОЈ 3

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

---

ISSN 1857-8659

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2012

**ГОДИНА 3** **БРОЈ 3**

---

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

**За издавачот:**
проф. д-р Илчо Јованов

**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Главен уредник:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска

**Одговорни уредници:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски

**Јазично уредување:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

---

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Факултет за музичка уметност
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

Vol 3, No 3 (2012): ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012 ISSN 1857- 8659

# Table of Contents

## Articles

### С О Д Р Ж И Н А

78: 316.7   78:7.05
**Проф. д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска**
Предизвиците на глобалната музичка култура во 21 век ...............................................5-14

781.63:78.071.1
**Проф . м-р Валентина Велковска Трајановска**
Рихард Штраус – аспекти на оркестарскиот јазик
и симфониската поема „Дон Кихот" ...........................................................................15-24

781.63:78.071.1
**Доц. м-р. Гоце Гавриловски**
Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација
во „Болеро" од Морис Равел ......................................................................................25-34

781..42/.42:78.083.3[:78.071.1
**Доц. м-р Тихомир Јовиќ**
Полифонијата во композицијата „Fantasia Corale" од
Томислав Зографски (1934- 2000) ..............................................................................35-41

781.11:[784.5:78.071.1
**м-р Ивана Јанков**
Акордската структура застапена во вокалната кантата„Псалми" од Стојан Стојков ..43-52

78.071.1:791(497.7)
**Доц. м-р Александар Трајковски**
Уделот на домашните композитори во создавањето на музиката за
македонските играни филмови ...................................................................................53-63

781.68:780.616.433
**Доц. м-р Ангеле Михајловски**
Значењето од примената на прстната гимнастика во решавањето на
техничките проблеми при пијанистичката интерпретација ..........................................65-69

78:37.02: 159.947
**Доц. д-р Владимир Талевски**
Значењето на мотивацијата во музичко воспитно- образовниот процес .......................71-79

78:376-056.45:[173.7:37.011.3-051
**м-р Ленче Насев**
Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во
откривање и поттикнување на музички талентирани ученици .......................................81-86

78:37:004.946
**м-р Дуња Иванова**
Децата и музиката во виртуелната реалност ...............................................................87-94

78:373.3:159.9.072
**м-р Теута Халими**
Примена на Гордон тестот за испитување на музичките способности на учениците
во прво одделение (албански наставен јазик) на основните училишта во Тетово .......95-105

780.6:398.8(497.7)
**Доц.м-р Горанчо Ангелов**
Музичките инструменти во македонските народни песни ..........................................107-129

781.7(497.7)
**Проф.д-р Илчо Јованов**
Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија............131-134

78.071.1:792.8:[061.1:793.3
**Доц. м-р Владимир Јаневски**
Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот „Танец .................135-139

793.3:37(497.731)(091)
**Доц. д-р Соња Здравковска- Џепаровска**
Балетската едукација во Штип ......................................................................................141-147

781.1:[784.4:392(497.7)
**Проф. д-р Родна Величковска**
Ороводните песни и нивната и нивната територијална дистрибуција во
македонското традиционално обредно пејачко изразување ........................................149-154

398.332.16:793.31(497.7)
**Проф. д-р Оливера Васиќ**
Русалиски поворки – сличности и разлики со други поворки ...................................155-159

392.5:784.4(497.735)
**м-р Тимко Чичаковски**
Свадбениот циклус во Малешево ..................................................................................161-168

793.3:793.31(497.7)
**Благица Илиќ**
Релевантни етнокореолошки карактеристики на орото Ибраим Оџа-
претпоставка за следење на регионалнaта идентификација .......................................169-179

793.31(497.761)
**Марјан Андоновски**
Стилски карактеристики на орото кај Мијаците .........................................................181-188

793.31(497.732)(091)
**Стојанче Костов**
Историски аспекти на орската традиција во Овче Поле .............................................189-195

793.31:792.8(497.734)
**Сашко Атанасов**
Методски аспекти на ората во Пијанец ........................................................................197-218

793.31(497.7)(091)
**Фросина Мариновска**
Орската традиција во селото Врбјани –Прилепско поле ............................................219-226

793.31(497.712)
**Елена Трајчева**
Поводи и места за играње во етничкиот предел Скопска Црна Гора .........................227-233

78:37:004.946

м-р Дуња **ИВАНОВА**

# ДЕЦАТА И МУЗИКАТА ВО ВИРТУЕЛНАТА РЕАЛНОСТ

*"Од се што може да се замисли, ја избравме музиката како елемент на нашето воспитување. Од неа водат патиштата на сите страни кои пружаат различни можности"*

*Wolfgang von Goethe*

## Вовед

За разлика од пред неколку децении, кога запишувањето во музичкото училиште претставуваше привилегија на особено талентиранит е деца, денес музичкото образование е комерцијализирано и истото се наметнува како тренд. Сега, изучувањето на некој музички инструмент, за децата но и за возрасните, е лесно достапно преку државните и приватните музички училишта, индивидуалните приватни часови, интернет курсевите, онлајн туторијалите и сл. Секој оној кој во себе носи барем мала желба за изучување на музиката има палета на лесно достапни начини за остварување на таквите лични пориви.

Децата кои се запишуваат во музичките училишта, несомнено е дека на првите часови се соочуваат со бројни недоумици. Тие наместо веднаш да пристапат кон изучување на омилените мелодии, неопходно минуваат низ "препреките" какви што на пример се нотите во бас клуч, броењето на глас, држењето на телото, контрола на рачниот апарат. Многумина на тој пат се разочаруваат од она што како слика го имале за изучувањето на музиката, па голем број од нив или не забележуваат напредок или во целост се откажуваат од музичкото училиште.

Токму од тие причини во Европа и САД во музичкото образование се почесто се инкорпорираат поинакви, нови и несекојдневни методи за поедноставно и поинтересно приближување на инструментот кон учениците, за развој на нивните интереси, љубовта кон музиката и предиспозициите кои самите ги поседуваат.  Ова, се наметнува како неопходност во денешниот образовен систем особено поради општествените турбуленции, новите навики, вредностите кои се менуваат од година во година а како резултат на технолошката револуција, на бројните потреби на децата и на нивната секојдневна преангажираност.

**Музичко-педагошки методи и техники за изучување пијано**

Ако хронолошки низ годините се анализира изучувањето на музичките инструменти, во различни делови од светот и во различни временски периоди ќе се забележи дека се создавале, менувале и одново актуелизирале најразлични музичко - педагошки методи и техники. Така на пример, кога станува збор за изучувањето на инструментот пијано, денес во училиштата ширум светот се применуваат различни и осовремени методи чија цел е содржински богато, интересно и едноставно приближување на музиката кон детскиот свет. Еве неколку од нив (според. http://pianoeducation.org/pnomethd. Html):

- **Alfred Method For Children** - вклучува употреба на разнобојни слики и графики за да го потпомогне педагошкиот процес. Последните ажурирања на овој метод предвидуваат употреба на посебно прилагоден софтвер и цд-а. Овој концепт ги учи децата да свират по веќе утврдени интервалски односно акордски позиции, учениците не ги учат нотите по принципот на солфеж туку целосно позиционирано свирење. Но, доколку тие се сретнат со вежба која е напишана со класичен нотен текст и прсторед несомнено се соочуваат со големи потешкотии. Предноста на овој метод е што овие ученици умеат да ги разберат интервалите и интревалските релации помеѓу нотите. Тие исто така полесно совладуваат акорди и акордска хармонска прогресија.

- **Clark Method** (The Music Tree) - на учениците им презентира динамика, броење, фрази и форма. Тие читаат интервалски и свират во камерен состав од првиот ден на нивното школување. По совладувањето на вежбите кои ги предвидува овој метод учениците се запознаени со музичката терминологија, умеат брзо да читаат, да ја анализираат основната форма на делото.

- **Robyn Method** - учениците се задолжуваат да ги пејат нотите додека свират. Вообичаено прсторедот не е впишан во партитурата за да учениците немаат дополнителни асоцијации во одгатнувањето на нотниот текст. Тие самите ги кажуваат имињата на нотите, а потоа го впишуваат и прсторедот. По музичкото описменување, се преминува кон свирење на скали, арпежи и слични технички предизвици. Овој метод особено

внимание посветува на педалот, односно на невообичаените шаблони на употреба на педал што подразбира педализација во соодност со храмонската прогресија на делото.

- **Suzuki Method** - претендира кон одлично познавање и читање на нотите, стреми кон развивање на слушниот апарат, кон стекнување на силна и сигурна техника, познавање и изведба на нестандардни композитори. И покрај популарноста на овој метод, според неодамнешните истражувања во Америка, "Сузуки" не резултира кај секој ученик подеднакво успешно. Повеќето од младите пијанисти се ослонуваат на свирењето по слух, па оттаму тие не се стекнуваат со добро развиена техника а и прилично слабо ги познаваат нотите.

- **Rote Method** - учениците најпрво се ориентираат и ги фиксираат позициите на нотите на клавијатурата без воопшто да гледаат во некаков нотен текст. Слушањето, размислувањето и гледањето на интервалите и хармонијата на клавијатурата како и фразирањето, им отвора повеќе можности за импровизација, компонирање и воопшто подобро разбирање на музиката.

Еден од поновите методи за изучување на пијаното е **Musaia method**-от (според: http://www.musiah.com/features/the-musiah-teaching method.aspx) кој наставата по пијано треба барем 50% од часовите да се започнува со левата рака со што кај децата ќе се стекне навика прво да ја читаат мелодиската линија за левата па потоа за десната рака. Тоа би резултирало со подеднаква техничка подготвеност на двете раце. Овој метод порачува читањето на нотите да се одвива по акордска линија од басот нагоре со брзо изговарање на нотите. Филозофијата на учењето на пијано според овој метод е дека на почетокот многу деца се соочуваат со фаза во која мислат дека никогаш нема да го научат делото, потоа ја пробиваат таа фаза и тогаш треба да бидат свесни дека самите се научиле себеси, а наставникот им дал само малку насоки. На тој начин, како што посочува Брендон Хоган - инвенторот на овој метод - на децата ќе им се развие самодовербата и стимулот за работа. Пронаоѓачот на "Мјузаја" го пласира овој метод на интернет во форма на онлајн лекции за изучување на пијаното и тој го дефинира овој метод како многу ефикасна комбинација на техники кои ја подобруваат ефективноста на традиционалниот пијано метод. Хоган тврди

дека учениците кои учат пијано по “Мјузаја он-лајн“ напредуваат 5 до 8 пати побрзо отколку учениците кои учат пијано на традиционален начин.

**Почетно учење на пијано и Интернет туторијали**

Учењето на пијаното или на некој друг инструмент денес, барем кога станува збор за почетното музичко образование, нема неопходност од одење во музичко училиште или присуство на наставник. Децата своите омилени мелодии сега можат да ги научат служејќи се со музичките интернет туторијали. Желбата за инстант знаење и нетрпеливоста карактеристична за детскиот темперамент, современиот брз начин на живот и општествените случувања, го направија интернетот примат и во детската комуникација, едукација и информирање.

Туторијалите достапни на интернет се појавуваат во различни форми и нудат различен пристап со цел за поедноставно и побрзо совладување на инструментот. Ова, особено кај децата привлекува големо внимание не само поради интерактивноста туку и заради понудените инстант решенија на музичките предизвици кои стојат исправени пред нив.

Музичките Интернет туторијали се анимирани онлајн лекции за учење на инструментите кои се пласираат како бесплатни или по некоја минимална цена. Така на пример, кога станува збор за изучувањето на пијаното, корисниците на онлајн лекциите имаат безброј опции за подесување на виртуелната клавијатура: тие имаат можност да изберат која мелодија ќе ја учат, можат да го следат на пример само свирењето на левата, односно десната рака, да овозможат графички преглед на мелодиите и во двете раце, можат да вклучат метроном, графички да ја забележат динамиката  итн. Овие страници се особено атрактивни и поради популарните поп-рок мелодии кои се нудат на страниците, нив децата ги слушаат и преку онлајн лекциите имаат можност да ги научат, што во музичките училишта кај нас и не е некоја практика.



Сл.1

Промоцијата на музичките интернет туторијали несомнено наликува на реклама од Топ Шоп. Еве како изгледа еден уводник на онлајн туторијал за учење пијано: „*Благодарение на интернет-от сега можете да научите да свирите пијано без да посетувате часови. Онлајн часовите нудат цела палета на интересни и нови бенефити споредено со старите конвенционални техники. Најдоброто е што сега за да научите пијано се што ви треба е компјутер, интернет конекција и пијано. Онлјан лекциите за пијано се поефтини, овозможуваат учење на најразновидни мелодии за разлика од традиционалните лекции, нудат видео туторијали и игри кои го придружуваат учењето што е особено интересно за малите деца и им го задржува нивното внимание. Онлајн лекциите по пијано ги прилагодувате на вашето сопствено време и учите со она темпо со кое вие сакате.*“

Ваквите интерент туторијали имаат во просек од 150-200 илјади посетители. За жал, поголемиот број од музичките туторијали кај малите деца создаваат сосема погрешна слика за тоа што преставува тонската уметност. Овие интернет курсеви не зборуваат за сериозната и за продлабочена уметничка перспектива на учењето музика, за убавината на посветеноста, за трагањето по естетските вредности уште од најмали години. Туторијалите едноставно не умеат да го разбудат уметничкиот, творечкиот порив кој на пример еден наставник секојдневно изнаоѓајќи различни методи и пристапи прилагодени кон секој ученик посебно, го прави тоа на часовите по музика.

Интернетот секако дека треба да се користи како дополнителен ресурс во современата музичка настава. Оваа виртуелна мрежа и тоа како им го олеснува учењето на “денешните“ деца со тоа што нуди огромен број на информации, музички архиви, можност за едноставно пронаоѓање на партитурите, снимки, книги и сл.

**Виртуелен начин на учење музика**

Еден позитивен пример, кој доаѓа од Холандија а се користи како дополнителен ресурс во наствата по пијано е АДРИ (ADRI - Artificial Didactic Recital Instructor) - инструмент кој се предлага како алатка за подобро музичко образование. АДРИ пијаното претставува вистински синтисајзер со едноставна база на податоци и експертски создадени алгоритми кои овозможуваат интеракција на ученикот со виртуелната околина.  Ова виртуелно пијано е составено од синтисајзер, односно

клавијатура, екран и МИДИ конекција која му овозможува на ученикот да комуницира во интерактивна форма. Така, учениците на екранот поставен над клавијатурата имаат можност да ги визуелизираат нотите, да следат најразлични форми, слики, анимации, графички прикази, а сето тоа може да претставува стимулативна и интересна екстензија на потрадиционалните модалитети во човековата интеракција со компјутерот. Исто така голема предност на АДРИ пијаното е што неговата употреба овозможува снимање и зачувување на свирениот материјал, анализирање и генерално следење на напредокот на ученикот.

Употребата на вакви и слични алатки во образованието на младите, а особено кај новите генерации на деца, може да даде сосема нова димензија за создавањето и репродуцирањето на музика.



Сл. 2

Виртуелниот начин на учење музика несомнено придонесува за популаризација не само на инструментите, туку и на класичната музика воопшто, на современата, или на џез-от особено. Музичкото образование сега е достапно секому, повеќе не е привилегија само на талентираните. Оттаму, познавањето на музичката литература и запознавањето со основните правила на музицирање се во насока за подигнување на севкупната музичка култура.

Но, колкав квалитет нудат овие брзи интернет курсеви, колку од нив може еден ученик да се здобие со квалитетна основа и дали интернет револуцијата ја загрози положбата на наставникот, односно целокупната

педагошка дејност? Одговорот засега е негативен. Наставникот, барем во музичката дејност сеуште го претставува клучниот сегмент во процесот на совладување на изведувачиот "занает". Присуството на жив субјект, пред се' во улога на слушател е сеуште неопходен елемент кога станува збор за професионално градење на индивидуалната музичка наобразба. Ученикот, неговиот талент, предиспозициите, посветеноста, желбата, наклонетоста кон уметноста, упорноста и взаемната комуникација и соработка со наставникот, се елементите кои се пресудни во определувањето на конечниот резултат.




Сл.3



Сл.4

Интернет туторијалите носат површно знаење. Тие најчесто се конзумираат како резултат на желбата да се научат нештата набрзина, без многу вложен труд, без да се води сметка за основното музичко описменување, за ставот при свирењето, за развојот на рачниот апарат. Интернет туторијалите се начин за совладување на едноставни или популарни мелодии, но тие не ветуваат некаков сериозен професионален успех за ученикот, а можеби не обезбедуваат ниту просечна музичка наобразба. Ова, од причина што ваквото инстант "тренирање" на ученикот не му пружа знаење кое во иднина ќе му послужи како основа за самоподучување.

## Заклучок

Традиционалниот начин на пренесување на музиката, барем засега, го има приматот во т.н. производство на идни музичари, инструменталисти, педагози. Се разбира, денешниот начин на подучување неопходно треба да биде во соодност со современието, со начинот на кој децата ги перцепираат нештата во овој свет на интерент-от и на технолошката револуција која детството радикално го промени споредено со минатите децении. Ова адаптирање на наставникот кон новитетите на денешницата е особено потребно како алатка за подигнувањето на целокупниот педагошки процес, како средство за нагласување на улогата на педагогот денес и како можност за заштита на професијата од напливот на безброј огласи и начини за заработка кои во вид на интернет пакети нудат т.н уметничко образование. На крајот, она што е најважно е учениците да добијат од својот наставник добар фундамент кој понатаму во животот ќе отвора нови поглавја и хоризонти за нив. Децата музиката треба да ја учат со радост, со духовна исполнетост, при тоа да научат да ги препознаат убавите и вредни нешта во ова опкружување во кое царува шундот и кичот. Образованието посредувано од музика која во истовреме е и естетика, претставува единствениот начин за создавање на квалитетен културен живот.

## Користена литература

Bjerkvol, J.(2005). Nadahnuto biche, Beograd: Plato

Broersen, A.& A.Nijholt.(2002). Developing a Virtual Piano Playing Environment. University of Twente: Department of Computer Science Enschede, The Netherlands.

http://www.musiah.com/features/the-musiah-teaching-method.aspx

http://www.songorama.com/

http://pianoeducation.org/pnomethd.html

http://parlevink.ewi.utwente.nl/~anijholt/artikelen/icalt2002.pdf